МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. ______________ од ______________2016 година
С к о п ј е

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), и согласно член 118 став 3 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/2015, 129/15, 192/15 и 39/16), а постапувајќи по Барањето за целосен пренос под бр. 11-2897/1 од 13.04.2016 год на ВЕ – ГРУПА ДООЕЛ Радовиш, за Асфалтна база. Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

За Целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола за ДГР ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ, Скопје на операторот ДПУТ увоз-извоз ВЕ-ГРУПА ДООЕЛ Радовиш.

## Образложение

ДГР ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ, Скопје на 06.07.2015 год. доби А – Интегрирана еколошка дозвола (дозвола бр. 11-5904/1).

На ден 13.04.2016 година од страна на ДПУТ увоз-извоз ВЕ-ГРУПА ДООЕЛ Радовиш, доставено е барање за пренос на А- интегрирана еколошка дозвола со пополнет образец со потпис и печат од страна на носителот на дозволата ДГР ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ, Скопје и превземачот на дозволата ДПУТ увоз-извоз ВЕ-ГРУПА ДООЕЛ Радовиш Согласно Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија , ДПУТ увоз-извоз ВЕ-ГРУПА ДООЕЛ Радовиш е нов сопственик на инсталацијата за која е издадена предметната дозвола. Согласно член 118 став 1 од Законот за животна средина и просторно планирање ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14,44/15и 39/16 ) Министерот за животна средина и просторно планирање извршува целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола бр. 11-5904/1 од 06.07.2015 год. , од операторот од која се пренесува

дозволата ДГР ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ, Скопје, на операторот на кој се пренесува дозволата – ДПУТ увоз-извоз ВЕ-ГРУПА ДООЕЛ Радовиш Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение операторот може да изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена единствено во однос на задолжителните услови утврдени во дозволата, а кои не биле предвидени во Нацртот на дозволата или за кои операторот дал забелешки, а не биле прифатени од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изработил: Фатос Балиу
Контролирал/Одобрил: Назим Алити
Согласен: в.д.Директор на управа за животна средина
Даниел Ефтимов